ВЕСТ
# Живот



Четврти спот на поп-пејачката

## Искра конечно ја дочека зимата

Популарната поп пејачка Искра Трпева конечно го сними својот четврти спот. Станува збор за спотот на песната "Зима", кој веќе неколку дена се врти по телевизиите. Инаку, и за овој спот, како и за претходните, се погрижила "3Д продукција", што значи соработката со неа продолжува и понатаму. Спотот е сниман на две локации, и тоа како што вели Искра, топлите делови се снимени во кафулето "Интермецо", додека пак оној зимскиот дел е снимен на хрома во Канал 5.

- Јас сум задоволна од тоа како излезе спотот, и досега слушнав само позитивни критики, што особено ме радува. Можеби и подобро што се одолжуваше работата, за на крајот да испадне онака како што треба - вели Искра. Колку за потсетување, песната "Зима" уште пред два месеца требаше да биде комплетирана со спот. Следното што ќе ни го понуди Искра ќе треба да го видиме до крајов на месецов, но таа не сакаше сѐ уште да го открие своето изненадување.

*(А.Г.)*

## "З'Ш": Австралија виа Црна Гора



*Ги чека деби-албум и настап на "Сунчане скале"*

Охридското дуо "З´ш" ќе ја види Австралија. Или Австралија ќе го види "З´ш". Во мај ги очекува мини-турнеја низ неколку градови. Ова е доказ дека новиот нивен менаџер, Александар Турунџиев, не седи со скрстени раце. Напротив, уште многу нови проекти се на нишан. Како прво, подготовка на деби-албумот. Александар Митевски веќе ги подготвува новите песни и за некој ден "З´ш" ќе биде во неговото студио. И уште една новост: настап на фестивалот "Сунчане скале"! Диме минатата недела се прошетал до Херцег Нови, за таму, на самото место, да си ги провери шансите. Засега останува на: "Се работи на случајот". И тоа во брзо темпо. Следува спот за трубадурската "Ела кај мене"...

*(М.Џ.)*

## Лила и Александар: деби на "12 величествени"

Водителско-пејачкиот деби дует Лила - Александар ќе се случи за точно осум дена. Промоцијата на веќе најавениот хит "Само љубов" е закажана за 27 февруари, во Универзална сала, избор на дванаесетте величествени. Зад песната се крие Јован Јованов како комплетен автор, а во неговото студио деновиве атмосферата е ептен работна. На Лила и Александар одлично им прилега ерен-би ритамот, па со мерак ѝ се посветија на песната. На сценскиот настап и не се работи многу. Знаејќи го темпераментот и на двајцата, на публиката во Универзална нема да ѝ биде тешко да се размрда заедно со нив. "3Д" видеопродукција и "Паскалин" веќе го осмислуваат сценариото на спотот, кој наскоро ќе нѐ "бомбардира"...

*(М.Џ.)*



*Промоција на веќе најавениот хит "Само љубов"*

## Во "Елемент" со диџеј Фрики

Вечерва во клубот "Елемент", во 22.30 часот, диџеј Фрики, како и секоја среда, ја започнува најпознатата хаус-клупска журка во средината од неделата. И оваа вечер Фрики ќе пушта и ќе врти плочи со најновите варијации на хаус-музиката: тек-хаус, електровраќање, вокален гараж, техно, дип-хаус... **(В.П.)**

## Бајага во Скопје

По екстра-посетените концерти лани во април, Момчило Бајагиќ - Бајага, веќе наредната недела, повторно во Скопје. Повод - "Златната бубамара" на популарноста и неговиот голем хит "Песна против малери" од претставата "Кутрите мали хрчки". За оние што ги пропуштија концертите на Бајага лани, еве шанса да се "поправат". 24 февруари, Универзална сала, Бајага и комплетната актерска екипа на "Хрчките" во живо на сцена против малерите!

*(М.Џ.)*

